Education & Communities
NSW GOVERNMENT
Public Schools NSW

**HEAD LICE TREATMENT OPTIONS**
INFORMATION FOR PARENTS AND CARERS
MACEDONIAN

# НАЧИНИ ЗА ОТСТРАНУВАЊЕ НА ВОШКИ

## ИНФОРМАЦИИ ЗА РОДИТЕЛИ И СТАРАТЕЛИ

## Постојат два начини за отстранување на вошки.

1. Механичко отстранување (отстранување со чешел за вошки)
2. Отстранување со хемиски препарати

### Механичко отстранување

При механичкото отстранување на вошки, сувата коса се премачкува со вообичаено средство за смекнување. Откако ќе ја премачкате целата коса, со обичен чешел размрсете ја косата и разделете ја на делови. Потоа, со метален чешел за вошки, со долги и мали запци, поминете низ сите делови на косата. Средството за смекнување на косата не ги убива вошките, но ги зашеметува за околу 20 минути, со што полесно ќе се отстрануваат. Чешелот за вошки ги отстранува гнидите (јајцата) и зашеметените вошки. Избришете го чешелот со бело книжно марамче и проверете дали на него има вошки или гниди. Продолжете да ја чешлате косата се додека на книжното марамче повеќе нема вошки. Овој метод треба да го применувате секој втор ден се додека вошките целосно не се отстранат (обично околу 7 до 10 дена).

Овој начин на отстранување на вошки се препорачува бидејќи тој е ефикасен, не ја зголемува отпорноста на вошките на инсектициди и исто така ризикот за дразнење на кожата е мал.

Механичкото отстранување исто така помага при контролирањето на вошките пред тие да се рашират по главата. Чувајте добар чешел за вошки во бањата и секогаш кога членовите од вашето семејство ја мијат косата, користете го. Со тоа ќе осигурате да ги фатите вошките пред тие да положат премногу јајца.

Ако вашите деца се доволно големи за самите да ја мијат косата, поттикнете ги самите да го користат чешелот. Или чешелот нека ви биде на дофат таму каде што им ја миете косата на децата и користете го при секое миење.

### Отстранување со хемиски препарати

Ако изберете да користите хемиски препарати за отстранување на вошки, запамтете дека треба внимателно да ги следите упатствата. Не паѓајте во искушение повторно да користите ист хемиски препарат ако тој не делува. Користете друг препарат со различен хемиски состав или користете го методот на отстранување на вошки со чешел и средство за смекнување на косата. После 7 дена, мора повторно да го користите хемискиот препарат за да се убијат сите ново изведени вошки. Исто така, ќе треба да користите чешел за вошки за да се осигурате дека остранувањето е успешно. Ако најдете мртви вошки, тоа значи дека препаратот делувал. Ако најдете живи вошки, препаратот не делувал.

Откако вашето дете нема повеќе да има вошки или гниди, запамтете редовно да му ја проверувате косата со чешел за вошки со мали запци и средство за смекнување на косата. Со навремено откривање и отстранување на вошките ќе спречите членовите од семејството и другарчињата од одделението повторно да се заразат.

### Што треба да правите со постелнината и облеката

Истражувањата покажуваат дека вошките или гнидите не живеат и не се пренесуваат преку постелнината, капите, облеката и мебелот и нема никаква корист тие да се перат како начин за отстранување на вошки. Гнидите и вошките живеат само на човечката глава. Ако се отстранат од главата, тие брзо дехидрираат и умираат.

Овие информации се засноваат врз информациите кои се наоѓаат на Интернет страниците на NSW Health во врска со програмата Nitbusters.